РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 08-220
08.08.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23 и 55/24), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Одлуката Уп1 бр.08-210 од 30.07.2024 година за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар, Уп1 бр.08-437 од 15.08.2016 година и Заклучокот арх.бр.02-3384/5 од 07.08.2024 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 32-та седница одржана на 07.08.2024 година, донесе

## Решение
## за бришење од регистарот на радиодифузери

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

## Образложение

Согласно член 85 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон, со одземање на дозволата од страна на Агенцијата. Согласно ставот 2 од цитираниот член од Законот, Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да му важи согласно со член 85 став 1 од ЗАВМУ.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 31-та седница одржана на 29.07.2024 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-3290/2 од 29.07.2024 година, донесе Одлука Уп1 бр.08-210 од 30.07.2024 година со која ја одзеде дозволата на Трговското радиодифузно друштво БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар, Уп1 бр.08-437 од 15.08.2016 година, поради тоа што имателот на дозволата не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок -

30 дена од денот на приемот на Фактурата бр.2024-100-0151 од 10.06.2024 г. (наш арх.бр.05-2680/1 од 10.06.2024 г.).

Следствено на наведеното, а врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), Одлуката Уп1 бр.08-210 од 30.07.2024 година за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар, Уп1 бр.08-437 од 15.08.2016 година и Заклучокот арх.бр.02-3384/5 од 07.08.2024 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 32-та седница одржана на 07.08.2024 година, донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1 и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.